Дескриптор на квалификации за студиската програма **Хидраулика и автоматика (ХА)**

| | |
|---|---|
| Знаења и разбирање | • хидроелектрани, пумпни станици и мелиоративни системи<br>• пречистителни системи за загаден воздух, за отпадни флуиди од индустријата и за комунални отпадни води<br>• гасоводни и нафтоводни системи<br>• индустрија, мали и средни претпријатија од областа на хидротехниката и автоматиката<br>• експлоатација, одржување, мониторинг и управување со хидраулични системи и постројки<br>• експлоатација и одржување на системи за автоматско управување<br>• инспекциски служби од областа на хидротехниката и автоматиката<br>• трговија со елементи и компоненти за потребите на хидротехничките и автоматизираните постројки<br>• познавање на градбата и перформансите на хидрауличните системи, нивно управување и автоматизација<br>• експлоатација и одржување на хидротехнички објекти и опрема, гасоводни и нафтоводни системи, системи за хидрауличен и пневматски транспорт<br>• експлоатација и одржување на пумпи и турбини<br>• експлоатација и одржување на системи за автоматско управување<br>• спроведување на прописи и испитувања од хидротехниката и автоматиката |
| Примена на знаењето и разбирањето | Може да го примени знаењето и разбирањето на начин што покажува професионален пристап во работата или професијата.<br>Покажува компетенции за идентификација, анализа и решавање проблеми во предметните научни области.<br>Способност за пронаоѓање и поткрепување аргументи во рамките на полето на студирање. |
| Способност за проценка | Способност за прибирање, анализирање, оценување и презентирање информации, идеи, концепти од релевантни податоци.<br>Донесување соодветна проценка земајќи ги предвид личните, општествените, научните и етичките аспекти.<br>Способност да оценува теоретски и практични прашања, да дава објаснување за причините и да избере соодветно решение. |

| | |
|---|---|
| Комуникациски вештини | Способност да комуницира и дискутира, и со стручната и со нестручната јавност, за информации, идеи, проблеми и решенија кога критериумите за одлучување и опсегот на задачата се јасно дефинирани.<br>Презема поделена одговорност за колективни резултати.<br>Способност за независно учество, со професионален пристап, во специфични, научни и интердисциплинарни дискусии. |
| Вештини на учење | Презема иницијатива да ги идентификува потребите за стекнување понатамошно знаење и учење со висок степен на независност. |